Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ БР.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), како и член 71, став 1, точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар (,,Сл. Гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**ИЗВЕШТАЈ**

**За реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година**

Согласно Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани активности насочени кон давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани (учество во реализација на партнерски проекти со здруженија и фондации и поддршка на програмски активности на здруженија и фондации).

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 162.000,00 денари. Со вториот ребаланс во 2025 година, овие средства се утврдени на износ од 192.000,00 денари. Активностите во остварувањето на поддршката на здруженија и фондации утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Согласно со Програмата, финансиски беа поддржани проектни активности на 7 (седум) здруженија и фондации и за истите вкупно се исплатени 182.000,00 денари.

Листата на исплати на здруженија на граѓани и фондации е составен дел на овој Извештај.

Бр. 08-249/1
02.03.2026 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски

| Доделени средства на здруженија и фондации 2025 година | | | |
|---|---|---|---|
| Р. бр. | Подносител на барање | Барање | Одобрено/ износ |
| 1 | Здружение на дијабетичари „Сончева светлина“ Демир Хисар | Финансиска помош за реализација на програма за работа | 25.000,00 денари |
| 2 | ОО на СБМ Демир Хсиар | Финансиска помош за реализација на програма | 14.000,00 денари |
| 3 | З.Г. „ Медлика Мед “ Демир Хисар | Финансиска помош | 30.000,00 денари |
| 4 | Здружение „Про Локал“ Битола | Реновирање на дом с.Суводол | 62.000,00 денари |
| 5 | Здружение „Атеље Св. Лука“ Слепче, Демир Хисар | Изработка на икони за потребите на општината | 16.000,00 денари |
| 6 | З.Г „Или -Ник“ Големо Илино | Одржување на објект – културно наследство | 30.000,00 денари |
| 7 | З.Г „ Завештание“ с. Бабино Демир Хисар | Организирање манифестација | 5.000,00 денари |
| | | **Вкупно:** | **182.000,00 денари** |